Regional Challenge Fund

chamber investment forum western balkans 6

Schweizerische Eidgenossenschaf
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by KFW



# НАСОКИ

## НАСОКИ ЗА ТРЕТИОТ ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЗА РЕГИОНАЛНИОТ ФОНД ЗА ПРЕДИЗВИЦИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН 6

www.rcf-wb6.org

# СОДРЖИНА

## Содржина:

Насоки за Третиот повик за изразување на интерес
Општи информации за Третиот повик за изразување на интерес....3
Подобни апликанти....4
Подобни конзорциуми....6
Подобни проекти....7
Користење на средствата....9
Прифатливи трошоци....9
Трошоци кои не може да се финансираат од страна на РЦФ....11
Список на Анекси....12
Како да аплицирате....13
Портал за управување со грантови....13
Аплицирање и процес на селекција....14
Распоред на онлајн инфо активности....15

## Список на кратенки

КО - Кооперативна обука
ИИ - Изразување на интерес
КфВ - KfW Entwicklungsbank | Германска банка за развој
П & О - Прашања и одговори
РЦФ - Фонд за регионални предизвици
СОО - Стручно образование и обука
УСОО - Установа за стручно образование и обука
ЗБ - Западен Балкан
СДЦ - Швајцарска агенција за развој и соработка

# ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ)** претставува финансиски инструмент кој има за цел да ја зголеми вработливоста, особено кај младите. Фондот ја поттикнува конкурентноста на претпријатијата во економиите од Западен Балкан преку финансирање на инвестиции во опрема и инфраструктура за избрани кооперативни проекти, и проекти за стручно и дуално образование кои се спроведуваат по пат на партнерства помеѓу установите за стручно образование и обука и претпријатијата. Грантовите се доделуваат преку натпревар на регионално ниво.

Германското федерално министерство за економска соработка и развој намени 64,43 милиони евра за РЦФ, а Владата на Швајцарија преку Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), вложи дополнителни 9,7 милиони швајцарски франци. Средствата се доделени на Германската развојна банка (KfW), а проектот се спроведува од Коморскиот инвестициски форум за Западен Балкан 6 (WB6-CIF), заедничка иницијатива на Стопанските комори од регионот.

Првиот и вториот повик привлекоа **повеќе од 300 апликации** за изразување интерес од сите економии на Западен Балкан 6. Со процесот на селекција се избраа **63 проекти за финансирање**, одвојувајќи приближно **27 милиони евра** за инвестиции во опрема, инфраструктура и обука кај давателите на стручни обуки и партнерските претпријатија.

Сега РЦФ го отвора третиот повик за изразување на интерес и ги повикува заинтересираните конзорциуми сочинети од установи за стручно образование и обука и претпријатија, кои заедно спроведуваат програми за кооперативна обука, да аплицираат и да:

- Се натпреварува за можноста да остварат значителни инвестиции во опрема за обука и капацитети за обука при установите за стручно образование и обука, како и да поттикнат воведување на нови технологии
- Го поддржат развојот на методологии за кооперативна обука заради ефективно справување со недостатокот на човечки ресурси и стратешки пристап кон градењето на капацитети
- Помогнат во подобрување на вработливоста на учениците/учесниците од стручното образование и обуки, и нивно интегрирање на пазарот на трудот
- Ја подобрат продуктивноста и конкурентноста на локалните претпријатија како резултат на успешно спроведените програми за обука.

ТРЕТИОТ ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕН ОД 22 МАЈ 2023 ДО 7 ЈУЛИ 2023, ДО 23:59 ЧАСОТ. ПОВИКОТ ЌЕ СЕ ОБЈАВИ ИСТОВРЕМЕНО ВО ШЕСТЕ ДРЖАВИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН: АЛБАНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, КОСОВО, ЦРНА ГОРА, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА. РЦФ Е ОТВОРЕН И ОЧЕКУВА АПЛИКАЦИИ ОД СИТЕ ШЕСТ ДРЖАВИ И ОД СИТЕ ЕКОНОМСКИ СЕКТОРИ.

# ПОДОБНИ АПЛИКАНТИ

Со цел да се подобни за финансирање од страна на РЦФ, **водечките апликанти** мора да ги исполнат следниве критериуми:

- Да се регистрирани во една од државите на Западен Балкан 6 најмалку 2 години пред објавата на повикот
- Да обезбедуваат стручно образование и обука како нивна главна дејност (установи за стручно образование и обука)
- Да се државни, приватни или непрофитни
- Да се признаени како установи за стручно образование и обука од страна на релевантен орган (лиценцирани или акредитирани согласно националните регулативи)
- Во минатото да биле вклучени или пак да имаат желба да се вклучат во спроведувањето на програми за кооперативна обука или програми за дуално образование согласно националните регулативи
- Да нудат официјално признаени долгорочни или краткорочни програми за стручно образование и обука (образовни профили) кои водат кон официјално признаени квалификации усогласени со регулативите на надлежните органи за национални квалификации или нивен еквивалент
- Државните УСОО да се поддржани од страна на релевантните власти (министерства, агенции за СОО, општинската власт, итн.) во однос на нивното редовно работење и одржување.

Гореспоменатите критериуми исто така се однесуваат на ко-апликантите (втората УСОО – доколку има, оставено како избор на апликантите). Установите за стручно образование и обука кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми нема да се сметаат за подобни и нивните апликации ќе бидат отфрлени.

**Во насока на квалификуваност за финансирање од страна на РЦФ, партнерските претпријатија мора да ги исполнат следниве критериуми:**

- Да се регистрирани во една од државите од Западен Балкан 6 најмалку 2 години пред објавата на повикот
- Да се приватни или државни или непрофитни
- Да работат во сите сектори и да се од која било големина (микро, мали, средни или големи претпријатија)
- Да имаат постигнато позитивни финансиски резултати во работењето во годината која претходи на поднесувањето на Изразувањето на интерес
- Да нудат доволно капацитети за учење на работното место за сите ученици согласно проектот за кооперативна обука
- Да имаат стекнато одредено искуство со иницијативи за кооперативна обука или да имаат донесено одлука да учествуваат во нив, да се залагаат во однос на поддршка на реализацијата на кооперативната обука и да се подготвени да внесат елементи од практичното образование во нивните работни процеси
- Да не се занимаваат со ниедна од дејностите кои се опишани во Листата за исклучување на КфВ и Секторските упатства
- Да не се во сопственост на поединци или правни лица кои се со седиште во држави кои се санкционирани од страна на ООН, ОК, САД, ЕУ или Германија
- Да не биле осудувани за каква било кривична дејност во минатото

Претпријатијата кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми нема да се сметаат за подобни и нема да им се овозможи да учествуваат.

**Во насока на квалификуваност, установите за стручно образование и обука и претпријатијата мора:**

- Да се согласни во однос на обелоденување на нивните објавени и/или привремени финансиски извештаи/документи за последните 2 години за време на фазата на аплицирање
- Да се застапени со само еден предлог по Повик
- Да се залагаат дека ќе работат во согласност со меѓународните еколошки, општествени, безбедносни, здравствени и трудови стандарди при реализацијата на нивните проекти како што е опишано во Насоките на РЦФ за безбедност и здравје при работа и Насоките за еколошко и општествено управување.
- Да назначи координатори за кооперативна обука кои ќе бидат задолжени за планирањето и координирањето на заеднички спроведуваните програми за обука и кои ќе обезбедуваат неопходна помош на практикантите.

УСОО и претпријатијата кои нема да ги исполнуваат горенаведените критериуми нема да се сметаат подобни за финансирање од страна на РЦФ.

# ПОДОБНИ КОНЗОРЦИУМИ

Грантовата програма за помош на РЦФ има за цел да ја зајакне кооперативната обука, како и да го подобри квалитетот и важноста на мерките за стручна обука во однос на вработувањето. Во таа насока, РЦФ го поддржува воспоставувањето на конзорциуми помеѓу установите за стручно образование и обука и претпријатијата во однос на спроведување на програми за кооперативна обука. Проектните партнери мора да се подготвени да учествуваат во заеднички активности за обука за оспособување и оструччување на учениците/учесниците согласно квалификациите и/или стандардите за занимања кои се во сообразност со потребите на пазарот на трудот.

Во насока на подобност за добивање на поддршка од страна на РЦФ, **конзорциумите за КО** мора да ги исполнат следниве критериуми:

- Конзорциумите треба да се сочинети од подобни УСОО и подобни претпријатија, како што е опишано во Делот 2
- Во својот состав треба да имаат најмалку **една** установа за стручно образование и обука како водечки (главен) партнер и апликант, и **најмалку по две** партнерски претпријатија за секоја програма за кооперативна обука
- Членовите на конзорциумите треба да се согласни во однос на објавувањето на нивните добри практики и споделување на знаење со засегнатите лица на РЦФ
- Конзорциумите да се засновани на партнерство за кооперативна обука кое е документирано во **Договор за соработка** помеѓу страните-учеснички.
- Едно претпријатие може да поддржи спроведување на повеќе од една програма за кооперативна обука во рамките на еден проект

Конзорциумите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми и кои нема да поднесат соодветно потпишан Договор за соработка во формуларот наложен од РЦФ и прикажан (со „линк'') погоре нема да се сметаат за подобни за финансирање од страна на РЦФ.

# ПОДОБНИ ПРОЕКТИ

Конзорциумите кои се заинтересирани за аплицирање за РЦФ грантови треба да поднесат предлог-проекти. Во фокусот на овие проекти треба е заедничката подготовка и спроведување на програма за кооперативна или дуална обука, или повеќе програми за кооперативна или дуална обука, по можност во истиот или сличен економски сектор и со користење на слични машини и опрема.

Со цел подобро разбирање на концептот на кооперативна обука кој го промовира РЦФ, од особена важност е конзорциумите да се запознаат со **Водичот на РЦФ за кооперативна обука.**

РЦФ поддржува иницијативи со кои се подобруваат или воведуваат програми за кооперативна обука, програми за учење преку работа и програми за дуална обука и тоа на сите нивоа на образование (средно, високо, образование за возрасни) во согласност со националните регулативи.

## Во насока на подобност, предлог-проектите мора да ги исполнат следниве критериуми:

- Проектите мора да се поднесени навреме, т.е. до рокот за поднесување,
- Проектите се поднесуваат онлајн, следејќи го форматот и процедурите предложени од страна на РЦФ,
- Баранато финансирање од страна на РЦФ мора да се движи помеѓу 150,000 и 600,00 ЕУР,
- Конзорциумите за КО мора да учествуваат во проектите со свој придонес (т.е. matching contribution) од најмалку 10% од бараниот износ за финансирање од РЦФ,
- Конзорциумите треба да обезбедат осигурување од незгоди за сите ученици/учесници кое е во согласност со националните регулативи (кое се смета за свој придонес (matching contribution) или кое е ко-финансирано),
- Проектите финансирани од РЦФ обезбедуваат места за обука за најмалку 30 ученици до крајот на втората година,[2]

[2] Збирот на 30 ученици може да се постигне за време на првата и втората година од спроведувањето на програмата за КО.

- Проектите за кооперативна обука финансирани од страна на РЦФ се отворени за сите етнички групи. Со предлог-проектот не може да се исклучи ниту една етничка (малцинска) група од понудената обука,
- Програмите за кооперативна стручна обука предложени за финансирање од страна на РЦФ мора да водат кон национално признаени квалификации и мора да се во сообразност со применливите рамки на национални квалификации,
- Предлог-проектот не треба да претставува зголемување на бројката на ученици во УСОО за повеќе од 50% во споредба со просекот на ученици во изминатите 2 години,
- Релевантен орган треба да го поддржи проектот. Следствено на ова, водечката УСОО треба да добие Писмо за поддршка од релевантниот орган (министерство или друг орган во зависност од националните регулативи)[3] со што се потврдува неговата заложба за поддршка на УСОО при спроведувањето на проектот и при реализацијата на предложените програми за кооперативна обука,
- Очекуваното времетраење на проектот е максимум 3 години почнувајќи од датумот на потпишување на Договорот со РЦФ (во случај на четиригодишни програми, предлог-проектот исто така трае 3 години),
- Програмите за кооперативна обука да бидат одржливи и по завршувањето на проектот,
- Предложените проекти и програми за кооперативна обука да не поддржуваат никакви активности кои се опишани во Листата за исклучување на КфВ и Секторските упатства или слични на нив.

Предложените проекти кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми и за кои нема да се поднесе соодветно потпишано Писмо за поддршка во форма која е наложена од страна на РЦФ (и претставено со „линк“ погоре), нема да се сметаат за подобни за финансирање од страна на РЦФ и ќе се отфрлат.

3 Приватните УСОО треба да добијат Писмо за поддршка кое е потпишано од страна на овластен претставник (сопственик, декан или слично) согласно интерниот Статут

# КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА

**Во насока на постигнување на својата цел за јакнење на квалитетот и важноста на СОО на пазарот на трудот, а истовремено и заради зголемување на достапноста на квалификувани работници за претпријатијата, РЦФ доделува грантови кои ќе се користат за инвестиции со што ќе се овозможи подобра средина за учење за учениците/учесниците и подобрување на квалитетот на активностите за кооперативна обука.**

**Како што беше наведено погоре, конзорциумите може да аплицираат за финансирање од страна на РЦФ во износ помеѓу 150,000 ЕУР како минимален износ и 600,000 ЕУР како максимално проценет износ за финансирање од страна на РЦФ.**

Грантовите ќе се користат за инвестиции во одредени добра, работи и услуги обезбедени преку процесот на јавни набавки кој го спроведува Единицата за управување со фондот при Регионалниот фонд за предизвици, а во согласност со Насоките за набавки на КфВ. Конзорциумите кои ќе добијат грантови нема самостојно да ги набавуваат добрата, работите или услугите.

## ПРИФАТЛИВИ ТРОШОЦИ

**Следниве трошоци се сметаат за прифатливи трошоци за финансирање од страна на РЦФ:**

- **Инвестиции во машини и опрема во просториите на УСОО кои се неопходни за спроведување на практичниот дел од предложенатата програма(и) за кооперативна обука, а во согласност со наставната програма,**
- **Финансирање на обнова/проширување/пренамена/изградба на капацитети за обука во рамките на просториите на УСОО кои се неопходни за спроведување на практичниот дел од предложенатата програма(и) за кооперативна обука, вклучувајќи и трошоци за добивање на градежни дозволи и изведба на проектите за обнова/проширување/пренамена/изградба,**
- **Обука на наставници (обука за начинот на користење на новата опрема и машини, педагошка обука, итн.),**
- **Обука на обучувачите во компаниите т.е. менторите (педагошка обука за тоа како да работат со учениците/учесниците и како да ги менторираат за време на учењето преку работа, како и друга обука која е е релевантна за заедничкото спроведување на програмите за кооперативна обука),**

- Советодавна помош на УСОО или на претпријатијата во врска со спроведувањето на програмите за кооперативна обука, ажурирање и надградба на наставните програми и наставни материјали за време на спроведувањето на програмите за кооперативна обука,
- Трошоци за наставни материјали/средства за практична обука во УСОО согласно[4] барањата во доменот на програмите за кооперативна обука,
- Трошоци за потрошни материјали (материјали за обука) до одреден степен, а кои се однесуваат единствено на спроведувањето на планираните програми за кооперативна обука,
- Поддршка на сродни аспекти, како што се безбедноста и здравјето при работа (БЗР), обезбедување на соодветни работни услови за учениците/учесниците, наставниците за СОО, менторите во претпријатијата, како во просториите на УСОО, така и во работните простории на нивните партнерски претпријатија,
- Трошоци за одржување на опремата и машините, капацитетите за обука, кои се обезбедени со финансии од РЦФ за времетраењето на проектот
- Трошоци за промовирање на програми за кооперативна обука пред потенцијални ученици/учесници и нивните родители.

✓ Списокот на горенаведените трошоци не е задолжителен – конзорциумите може, но не се обврзани да ги вклучат сите овие трошоци во нивното барање за финансирање до РЦФ.

✓ Сите погореспоменати трошоци се прифатливи за финансирање од страна на РЦФ, но може и да се пресметаат како свој придонес (matching contribution) согласно претпочитувањата на конзорциумите.

✓ Трошоците треба да се пресметаат врз основа на истражување на пазарот.

✓ Трошоците треба да се пресметаат како бруто износ – со вклучен ДДВ и останати релевантни даноци.

✓ Предложениот формулар за буџетирање кој треба да се користи за пресметка на трошоците е достапен тука. Поднесувањето на овој формулар за буџетирање е изборно (не е задолжително) за време на оваа фаза на Изразувањето на интерес, но ќе биде задолжително подоцна, во формуларот за целосна апликација за апликантите кои ќе влезат во потесниот круг.

4 Не се признаваат трошоци за советници и/или консултанти направени за време на фазата за аплицирање, и тие поврзани со акредитација и лиценцирање

# ТРОШОЦИ КОИ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СТРАНА НА РЦФ

**Следниве трошоци не може да се финансираат со средства од РЦФ, но може да се пресметаат како свој придонес (matching contribution):**

- Оперативни трошоци на УСОО или на партнерските претпријатија:
  - Плати за наставниците кои се директно вклучени во спроведувањето на програмите за кооперативна обука (вклучувајќи хонорари/плати за координаторите за КО),
  - Плати за вработените во партнерските претпријатија кои се директно вклучени во спроведувањето на програми за кооперативна обука,
  - Режиски трошоци (за вода, електрична енергија, греење, итн.) во сооднос на нивното користење при спроведувањето на предложените програми за кооперативна обука и сите останати оперативни трошоци кои се различни од оние кои се сметаат за прифатливи во претходниот дел,
- Осигурување од незгоди за сите ученици/учесници (задолжително го обезбедуваат конзорциумите),
- Трошоци за надоместок за учениците/учесниците,
- Трошоци за превоз за наставниците, учениците/учесниците, менторите во компаниите и останатите вработени, а во врска со реализацијата на програмите за кооперативна обука во рамките на проектот,
- Трошоци за амортизација и депрецијација на опремата и машините кои се користат при практичната обука за време на реализацијата на програмите за кооперативна обука кои се предложени во рамките на проектот.

Конзорциумите за СОО мора да учествуваат во проектите со свој придонес (matching contribution) од најмалку 10% од вкупно побараниот износ за финансирање. Придонесот може да се обезбеди како финансиски сооднос и/или во натура (in-kind) како покритие на оперативните трошоци и/или инвестициски трошоци на установите за стручно образование и обука и/или претпријатијата или заеднички. За подетални информации и насоки за тоа како да ги пресметате пропорционалните придонеси, притиснете тука.

**Следниве трошоци не може да се финансираат со средства на РЦФ, ниту да се пресметуваат како свој придонес (matching contribution), па оттаму се целосно неприфатливи:**

- Набавка/одржување/амортизација на опрема и машини која не е директно поврзана со воспоставување на нова или ажурирање/надградба на постоечка програма за кооперативна обука,
- Директна финансиска помош на партнерските претпријатија за набавка на опрема или машини,
- Оперативни трошоци за цели кои не претставуваат директна реализација на програми за кооперативна обука кои се предложени во рамките на проектот (на пример, плати на наставници кои учествуваат во други програми реализирани од страна на УСОО, итн.),
- Сите останати трошоци кои не се директно поврзани со реализацијата на програмите за кооперативна обука предложени во рамките на проектот.

# СПИСОК НА АНЕКСИ

Единствено за информативни цели:

- **Формулар за изразување на интерес** (поднесувањето треба да е целосно онлајн, погледнете го следното поглавје за подетални насоки)
- **Насоки на РЦФ за безбедност и здравје**
- **Насоки за еколошко и општествено управување**
- **Насоки за свој придонес (matching contribution)**
- **Водич за кооперативна обука**

Да се пополни/поднесе онлајн:

- **Договор за соработка**
- **Писмо за поддршка**
- **Лиценцата со која се докажува регистрацијата на УСОО**
- **Акредитацијата за предложената програма(и) за кооперативна обука**
- **Актот за основање за сите партнерски претпријатија и приватни УСОО**
- **Пресметка на буџетот – по избор**

# КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ

Подобните конзорциуми составени од установи за стручно образование и обука и претпријатија кои се заинтересирани за финансирање инвестиции во опрема и инфраструктура за даватели на услуги за СОО, кои се занимаваат или планираат да се занимаваат со кооперативна обука се повикуваат да поднесат Изразување на интерес по пат на онлајн процедура. Процесот на аплицирање се изведува преку Системот за управување со грантови (GMS) на РЦФ.

## ПОРТАЛ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАНТОВИ

Процесот на аплицирање се изведува целосно онлајн преку виртуелната платформа – системот за управување со грантови (GMS). Сите заинтересирани апликанти се повикуваат да се регистрираат и да креираат своја сметка со притискање тука. Формуларите испратени преку електронска пошта или на друг начин нема да се земат предвид.

Ќе треба да ги прифатите подесувањата за приватноста за време на регистрацијата и да ги пополните задолжителните полиња. По пријавувањето, проверете дали сте го избрале Изразувањето на интерес на РЦФ (Expression of Interest Form) под Достапни грантови (Available Grants) и започнете со внесување на податоците. За одредени прашања ќе треба да дадете текстуално објаснување, за некои само да ги штиклирате соодветните квадратчиња, а кај некои други ќе треба да ги прикачите наведените документи.

**Ве замолуваме да го пополнувате формуларот на англиски јазик.**

Доколку повторно аплицирате за поддршка од РЦФ, не треба да креирате нова сметка, туку ќе треба да започнете со ново Изразување на интерес и со повторно поднесување на неопходните придружни документи.[5]

За водечкиот апликант да може да го поднесе формуларот, ќе треба да се обезбедат одобренија од партнерските претпријатија, како што е наведено во упатствата дадени во рамките на самиот систем.

Формуларите ќе треба да се поднесат пред крајниот рок, **7 јули, 2023 до 23:59 часот.** Со истекувањето на крајниот рок завршува и рокот за поднесувањето на формуларите.

---

5 Ponovni aplikanti treba da pripreme Memorandum o razumijevanju i Pismo podrške koji datiraju iz 2022. Podaci iz prethodnih formulara neće biti automatski kopirani.

# АПЛИЦИРАЊЕ И ПРОЦЕС НА СЕЛЕКЦИЈА

Аплицирањето и процесот на селекција се спроведува во рамките на процес составен од две фази. За време на првата фаза, конзорциумот изразува интерес со поднесување на формулар за Изразување на интерес преку Системот за управување со грантови (GMS) пред наведениот краен рок. Апликантите треба да проверат дали ги прикачиле сите задолжителни придружни документи во сите задолжителни полиња.

По поднесувањето и истекувањето на крајниот рок за поднесување на Изразувањата на интерес, Единицата за управување со фондот ќе организира проверка на подобноста. За време на процесот на оценување на Изразувањата на интерес, се проверува формалната подобност наспроти претходно дефинираните критериуми опишани во деловите 2, 3, 4 и 5 од овој документ. Влегувањето во потесен круг на проверените Изразувања на интерес зависи од достапните финансии согласно Повикот.

Доколку одредено Изразување на интерес ја помине проверката на подобност и се најде во потесен круг, водечкиот апликант формално ќе биде известен преку Системот за управување со грантови. Потоа ќе бидат повикани да ја подготват целосната апликација пред утврдениот краен рок. Целосната апликација наложува подготовка на сеопфатен предлог-проект во рок од 45 дена од датумот на добиеното известување за прифаќање на нивното Изразување на интерес.

Предлог-проектот најпрвин се проверува наспроти формални критериуми (дали апликацијата е целосна, дали се поднесени сите неопходни документи, дали се исполнети критериумите за подобност, итн.). За време на втората фаза од процесот на избор, тројца меѓународни експерти од областа на СОО, поединечно и независно ќе ги оценат предлог-проектите во согласност со критериумите за избор кои се однесуваат на концептот, изводливоста, прифатливоста/веродостојноста и амбицијата на предлог-проектот.

**Концептуални критериуми (максимум 40 поени)**
**Критериуми за изводливост (максимум 30 поени)**
**Критериуми за прифатливост/веродостојност (максимум 30 поени)**
**Критериуми за амбиција (максимум 30 поени)**

За да дознаете повеќе за критериумите на избор,
притиснете **овде.**

По првичното одобрување на предлогот, ќе се изврши разгледување од страна на техничките експерти со цел проверка на предложениот план за инвестиции. На самиот крај, следуваат преговори и склучување на договор за финансирање помеѓу РЦФ и пред-избраниот конзорциум за КО, предводен од страна на УСОО како водечки корисници, а во зависност од информациите изнесени од страна на техничките експерти. Потоа, во согласност со списокот на ставки одобрен за финансирање, тимот од Единицата за управување со фондот ќе пристапи кон процес на набавка согласно релевантните начела.

Конзорциумите кои ќе добијат грантови ќе имаат обврска да известуваат за спроведените активности и програми за кооперативна обука, за учеството и вклучувањето на учениците/учесниците и партнерските претпријатија, за квалитетот на компонентата учење преку работа, за користењето на опремата, итн. Известувањето треба да е на квартална основа. Покрај ова, ќе се организираат посети за следење на спроведувањето на проектот од страна на тим од РЦФ .

# РАСПОРЕД НА ОНЛАЈН ИНФО АКТИВНОСТИ

Со цел запознавање со Третиот повик за изразување на интерес и критериумите на подобност, Единицата за управување со фондот на РЦФ ќе организира низа онлајн информативни средби. Покрај ова, со предавањата и сесиите за прашања и одговори ќе се обезбедат натамошни информации и детали за одредени аспекти кои се релевантни при подготовката на Изразувањето на интерес и за придружните документи.

Настаните ќе се одвиваат на македонски јазик со обезбеден превод на англиски јазик. Заинтересираните учесници ќе треба да се регистрираат на следните линкови **овде** за да добијат линк за присуство на Zoom вебинарите.

Онлајн инфо настаните ќе се снимаат, а снимките за сите заинтересирани лица ќе бидат достапни **овде.**

# КОМУНИКАЦИЈА СО РЕГИОНАЛНИОТ ФОНДОТ ЗА ПРЕДИЗВИЦИ

Во случај да имате потреба од дополнителни појаснувања во однос на прашања кои не се опфатени со ова Упатство, може да стапите во контакт со тимот од Единицата за управување со фондот по пат на електронската пошта наведена во табелата подолу:

| | |
|---|---|
| Прашањата од апликантите од сите економии, а кои се однесуваат на Системот за управување со грантови (GMS), треба да се испратат на следнава мејл адреса, по можност на англиски јазик: | applications@rcf-wb6.org |
| Прашања од Албанија и Косово: | renato.vasili@rcf-wb6.org<br>vesa.shehu@rcf-wb6.org |
| Прашања од Северна Македонија | biljana.simeonova@rcf-wb6.org |
| Прашања од Босна и Херцеговина и Црна Гора | sven.dominkovic@rcf-wb6.org |
| Прашања од Србија | jelena.manic@rcf-wb6.org |

Наш совет е навремено да ги испратите вашите прашања и да ги избегнете деновите кои му претходат на крајниот рок.